Општина Кочани
*Ул. Раде Кратовче бр. 1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија*
*Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542*
*www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 08-2113/1
29.09.2020 год.
КОЧАНИ

**До**
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
Управа за животна средина
Сектор за води
Бул. „Пресвета Богородица бр.3
1000 Скопје

**Врска:** Ваш број 11-3448/4 од 18.09.2020 година

**Предмет:** Барање копија од документи

Почитувани,

Од Вашето мислење кое го имате прикачено на системот е-влада со Арх.бр.11-3448/4 од 18.09.2020 година, во врска со изградбата на мала хидроелектрична централа на Мала река, произлегува дека Општина Кочани до Министерството за животна средина доставила допис со Арх. Бр. 26-2541/2 од 30.12.2015 година, со кој дала позитивно мислење за реализација на проектот.

Во архивата на Општина Кочани неможевме да пронајдеме таков допис, па **Ве замолуваме да ни испратите копија од истиот.**

Исто така во Вашето мислење е наведено дека до Министерството за животна средина и просторно планирање од страна на Инвеститорот „ДИС ЕНЕРГИЈА" доо Скопје е доставено барање за добиваање на согласност за користење на водата за производство на електрична енергија и употреба на мала хидроелектрична централа на Мала река со реф.бр.361. на водотекот Мала река, Вардарско сливно подрачје, Општина Кочани. Па, согласно Законот за води, доставеното барање е објавено во дневен весник со цел да се информира јавноста и да даде свои забелешки, а напишано е дека од страна на јавноста не се дадени забелешки, па оттука поради притисок од јавноста, односно од граѓаните во нашата Општина во врска со оваа информација, Ве замолуваме да ни доставите копија од ова Барање и копија од Записникот за одржаната јавна расправа.

Ви благодариме за соработката!

Со почит,

**Општина Кочани**
**Градоначалник**
Николчо Илијев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ

Изработка: С.Д
Контролирал: А.К
Одобрил: А.Ј